**<u>ЈУ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА – ВИНИЦА</u>**

# С Т А Т У Т

## на Јавната установа центар за социјална работа – Виница

Виница, 25.06 2015 година

Врз основа на член 101 став 1 алинеја 1 од Законот за социјалната заштита (Службен весник на Република Македонија број : 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15 и 72/15) и член 17 алинеја 1 од Статутот на ЈУ Центар за социјална работа - Виница, Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа - Виница на седницата одржана на 03.07 2015 година, донесе :

# С Т А Т У Т

## *на Јавната установа центар за социјална работа - Виница*

### 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут во Јавната установа центар за социјална работа - Виница (во натамошниот текст : установата), се уредуваат фирмата и седиштето на установата, нејзината организација, дејноста, управувањето и раководењето, застапувањето, општите акти и постапката за нивно донесување и измена и други прашања од значење за работата на установата .

Член 2

Името на установата гласи : **„Јавна установа центар за социјална работа – Виница“** .

Установата има и скратен назив, кој гласи : **„ЈУ ЦСР – Виница“ .**

Седиштето на установата е во Виница, на улица „Страшо Пинџур“ број 5 .

Член 3

Установата е основана со Одлука на Собранието на општина Виница, број 0201-2406 од 06.11 1980 година како Центар за социјална работа ЦО - Виница и е запишан во судскиот регистар на Окружниот суд - Штип, со регистарски број 73/81 од 04.05 1981 година .

Член 4

Согласно Одлуката за утврдување на мрежата на јавните установи за социјална заштита број 41-2743/1 донесена од Владата на Република Македонија на 01.05.2013 година (Службен весник на Република Македонија број 67/2013), установата продолжува да работи како јавна установа за социјална заштита – Виница, со следниот назив „Јавна установа центар за социјална работа – Виница“ и со надлежност за подрачјето на општина Виница .

Член 5

Во правниот промет со трети лица установата истапува во свое име и за своја сметка .

За своите обврски одговара со сите средства со кои располага и со кои се користи - целосна одговорност .

Член 6

Печатот и штембилот на установата се со пропишана форма и големина .

Печатот има форма на круг со пречник од 30 mm, во кој кружно е испишан текст : „Јавна установа центар за социјална работа – Виница“ и во средината на печатот е грбот на Република Македонија .

Штембилот е во правоаголна форма со ист текст како печатот, со тоа што се остава место за дата и број на предметот .

Член 7

Со печатот и штембилот располага и го употребува директорот на установата или лице овластено од директорот .

Член 8

Установата е јавна установа за социјална заштита со јавни овластувања, чија надлежност и дејност се утврдени со Законот за Социјалната заштита, Законот за заштита на децата, Законот за Семејството, Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Законот за правда на децата, Законот за азил и привремена заштита, Кривичниот Законик, Законот за Кривичната постапка и другите законски прописи .

Развивањето и спроведувањето на вонинституционални облици на социјална заштита и други дејности се остварува согласно Закон, Одлуки на управниот одбор, спроведување на програми и други општи акти од обласста на социјалната заштита, донесени и финансирани од општината, експериментални и развојни програми, како и преку спроведување на истражувачка работа во оваа област .

Член 9

Од делокругот на јавните овластувања установата ги има следните овластувања :

- Решава за правата од социјална заштита утврдени со Законот за Социјалната заштита ;
- Решава за работите утврдени со семејно-правните прописи ;
- Решава за правата утврдени со Законот за заштита на децата и тоа : детски додаток, посебен додаток, право на еднократна парична помош за новороденче и родителски додаток за дете ;
- Постапува по работи утврдени со кривично-правните просписи ;
- Открива, следи и проучува социјални појави и проблеми ;
- Применува и спроведува соодветни облици на социјална заштита и непосредно им помага на граѓаните, семејствата или група население ;
- Поттикнува и презема превентивни дејствија во рамките на своите овластувања;
- Развива и спроведува вонинституционални облици на социјална заштита ;
- Потикнува, организира и координира волонтерски активности на граѓани, зружениja на граѓани, хуманитарни и невладини организации во спроведување на програми од социјална заштита на подрачјето на општина Виница ;
- Изготвување на планови, извештаи и општи акти на установата ;
- Води евиденција и прибира документација за корисници од социјална заштита, за применетите облици на социјална заштита и за тоа поднесува извештај до Министерот за труд и социјална политика ;
- Врши и други работи утврдени со закон .

Член 10

Во согласност со основачот, установата може да изврши проширување или промена на дејноста .

## 2. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Член 11

Основната дејност установата ја извршува преку 3 организациони единици :
1. Служба за административни и помошно-технички работи ;
1.1 Оддел за административни работи ; и
1.2 Оддел за помошно-технички работи

2. Служба за права на парична помош ; и

3. Служба за услуги од социјална заштита ;
3.1 Советувалиште за корисници со нарушени партнерски, семејни и односи родители - деца ;
3.2 Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост ; и
3.3 Дневен центар и клуб за стари и возрасни лица .

## 3. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА

### 3.1.Орган на управување

Член 12

Орган на управување во установата е Управниот одбор .

Управниот одбор го сочинуваат пет членови именувани од Основачот, од кои еден член предложен од Советот на општина Виница, еден член од редот на стручните работници во установата и три претставника на основачот .

Членовите на Управниот одбор се избираат со мандат во траење од 4 (четири) години .

Мандатот на членовите на Управниот одбор почнува од неговото конституирање.

Конститутивна седница на Управниот одбор ја свикува и до изборот на претседател претседава најстариот член .

Член 13

Управниот одбор го свикува и со неговата работа раководи претседателот на Управниот одбор, кој го избираат членовите од своите редови .

Претседателот на Управниот одбор се избира по пат на предлог на членовите со јавно гласање и мнозинство на гласови .

Претседателот на Управниот одбор именува свој заменик од редот на членовите на Управниот одбор .

Претседателот на Управниот одбор се грижи за извршувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор и врши други работи утврдени со овој Статут .

Член 14

Мандатот на член на Управниот одбор може да престане и пред истекот на мандатот :

- по негово барање ;
- со престанување на работниот однос на стручниот работник во установата ; и
- со отповикување .

Член 15

Управниот одбор ги врши следните работи :

- го донесува Статутот ;
- донесува акт за организација и работа на установата и акт за систематизација на работните места ;
- донесува годишна програма за работа и го следи нејзиното извршување ;
- го усвојува извештајот за работа ;
- го утврдува финансискиот план и ја усвојува годишната сметка ;
- предлага на Владата на Република Македонија измена или проширување на дејноста ;
- распишува јавен конкурс за избор на директор, кој е должен да го распише 3 (три) месеци пред истекот на мандатот на директорот ;
- ги донесува општите акти на установата ;
- врши и други работи утврдени со Законот за Социјалната заштита ;

Одлуките Управниот одбор ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови .

Во работата на Управниот одбор учествува директорот на Установата без право на одлучување .

## **3.2 Орган на раководење**

Член 16

Орган на раководење во установата е директорот .

Директорот ја застапува и претставува установата .

Во случај на отсуство на директорот, установата ја застапува односно претставува лице што тој ќе го овласти .

Член 17

Директорот како застапник е овластен во име на установата да склучува договори и да врши други правни дејствија, како и да ја застапува установата пред Судовите и други органи, организации и институции .

Во рамките на своите надлежности директорот може да овласти друго лице за превземање одредени правни дејствија, односно за склучување на поединечно определени договори и за превземање на други поединечни дејствија .

Член 18

Овластувањата на директорот утврдени со овој Статут се запишуваат во Централен регистар на Република Македонија .

Член 19

Директорот се избира на јавен оглас .

Мандатот на Директорот трае 4 (четири) години со можност повторно да биде избран .

Член 20

За директор на установата може да биде избрано лице кое покрај општите услови предвидени со Законот за Социјалната заштита треба да ги исполнува и следните посебни услови :

- да има високо образование, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од следните образовни профили : дипломиран социјален работник, психолог, педагог, дипломиран правник, дипломиран економист, дефектолог или социолог .

Член 21

Јавниот оглас за избор на директор на установата го распишува Управниот одбор, најмалку три месеци пред истекот на мандатот .

Јавниот оглас се објавува во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и трае **8 дена .**

По завршувањето на јавниот оглас Управниот одбор ја доставува целокупната документација до министерот за труд и социјална политика .

Директорот на установата го избира и разрешува министерот за труд и социјална политика .

Член 22

Директорот на установата ги има следните права и должности :

- ја застапува и претставува установата и е одговорен за законитоста во работењето ;
- непосредно раководи со работењето на установата и се грижи за нејзино унапредување ;
- ја организира работата во установата ;
- ги донесува Решенијата во управната постапка за определени управни работи ;
- ја предлага годишната програма за работа и превзема мерки за нејзино спроведување ;
- ги извршува одлуките на Управниот одбор и правосилните судски одлуки ;
- непосредно раководи со стручната работа и се грижи за нејзино унапредување;
- поднесува годишен извештај за работа и за материјално-финансиското работење до Управниот одбор и до министерот ;
- донесува одлука за избор на работник ;
- врши распоредување на работниците ;
- одлучува за годишни одмори, платени и неплатени отсуства на работниците ;
- покренува одговорност за материјална штета ;
- по потреба формира комисии за обавување на работи од делокругот на неговото работење ;
- предлага општи акти на Управниот одбор ;
- врши и други работи во согласност со Закон, Статутот и другите општи акти .

Член 23

Директорот на установата може да биде разрешен пред истекот на мандатот :

- на негово барање ;
- ако настане некоја од причините, поради кои според прописите за работни односи престанува работниот однос по сила на Законот ;
- ако не постапува според прописите и општите акти на установата или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува во спротивност со нив ;
-ако не достави годишен извештај од член 22 алинеја 8 од овој статут, односно ако извештајот биде негативно оценет ;
- ако со својата несовесна и незаконска работа и предизвика на установата значителна штета или ако ги занемарува или намерно не ги извршува своите обврски и поради тоа настанат или би можеле да настанат тешки наручувања во извршувањето на дејноста на установата ;
- ако по инспекцискиот надзор не ги отстрани констатираните недостатоци и неправилности во рокот определен со решението ;

Ако директорот е разрешен врз основа на постапувањата наведени во став 1 алинеја 3, 4, 5 и 6 на овој член, му престанува работниот однос .

## 3.3. Орган за внатрешна контрола

Член 24

За вршење внатрешна контрола на работењето на установата се формира Орган за надзор .

Органот за надзор се состои од 3 (три) членови .

Членовите на Органот за надзор од став 2 на овој член ги именува, односно разрешува основачот .

За членови на Органот за надзор можат да се именуваат лица кои немаат засновано работен однос во установата, имаат високо образование и поседуваат знаења и искуства особено од обласа на дејноста што ја врши установата .

Член 25

Член на Органот за надзор не може да има лично преку трети лица или по која било основа интерес во установата кои можат да имаат било какво влијание на најавената независност и непристрасност во надзорот .

Секој член на Органот за надзор и директорот на установата се должни да го предупредат основачот на постоење на ваков интерес кај членот на Органот за надзор .

Член 26

Внатрешната контрола, Органот за надзор ја врши преку контрола на материјално финансиско работење на установата, користењето и располагањето на средствата на установата и за наодите доставува извештај до основачот, Министерството за труд и социјална политика, Управниот одбор и директорот на установата .

Член 27

Органот за надзор работи на седница .

Седниците на Органот за надзор ги свикува и со нив раководи Претседател, кој го избираат членовите од своите редови, на првата седница која се одржува во рок од 15 дена од денот на именувањето на членовите .

За работите од својата надлженост, Органот за надзор одлучува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови .

Член 28

Органот за надзор се состанува најмалку четири пати во текот на една календарска година .

Член 29

Заради вршење на работите на контрола, Органот за надзор може да врши проверка на лице место на сите документи и списи на установата, за што може да задолжи свој член и да повика стручни лица, кои ќе му помагаат во спроведувањето на надзорот .

Член 30

Органот за надзор задолжително ги прегледува годишните сметки и извештајот за работа на установата, и по прегледувањето му дава мислење на Управниот одбор .

Извештајот за прегледот на годишната сметка и извештајот за работењето на установата, како и останатите извештаи што произлегуваат од извршните контроли, со свое мислење, Органот за надзор му го доставува на министерот за труд и социјална политика .

Член 31

Мандатот на членовите на Органот за надзор изнесува 4 (четири) години .

Мандатот на член на Органот за надзор може да престане и пред истекот на мандатот :

-по негово барање ;
-ако работи спротивно на закон, Статут и други акти на установата ;
-ако престане да постои основачот и установата ; и
-други случаи утврдени со Закон .

Иницијатива за разрешување до основачот поднесува Органот за надзор .

## 4.ОПШТИ АКТИ НА УСТАНОВАТА

Член 29

Статутот на установата е основен акт .

Член 30

Покрај Статутот, установата ги има и следните општи акти :

- Правилник за внатрешна организација и
- Правилник за систематизација на работните места

Спрема потребата установата може да донесува и други општи акти .

Сите општи акти од став 1 и 2 на овој член мора да бидат во согласност со позитивните прописи и со одредбите на овој Статут .

Член 31

Статутот и другите општи акти на установата, ги донесува Управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број на членови .

За изготвување на статутот и други општи акти директорот може да формира комисија .

Иницијатива за донесување, изменување и дополнување на Статутот и другите општи акти на установата може да поднесат : директорот, член на Управен одбор, раководители на организационите единици и синдикатот .

## 5. ИНФОРМИРАЊЕ

Член 32

За работата на установата вработените се информираат преку огласна табла .

Информирањето го врши директорот и Управниот одбор преку : одлуки, решенија, извештаи и информации .

Член 33

Информирањето на јавноста за работата на установата се врши преку средтсвата за јавно информирање и преку доставување на информации, извештаи и обраќања, како и непосредно по барање на заинтересеирани лица, согласно законот за слободен пристап до информации од јавен карактер .

Член 34

За вистинитоста на информациите одговорен е Органот кој ги дава .

## 6. КРИЗНА СОСТОЈБА

Член 35

Во услови на кризна состојба установата продолжува со остварување на редовната дејност, поради што во рамките на своето работење во согласност со Законот за управување со кризи и Законот за заштита и спасување и други прописи спроведува подготовки, изработува документите за работа во кризна состојба .

За спроведување на подготовките и за изработката на документите за работа во кризна состојба надлежен е директорот на установата .

Член 36

Установата во услови на кризна состојба превзема мерки за заштита и спасување на работниците, корисниците на услугите кои ќе се најдат кај нив, средствата за работа, документацијата и архивската граѓа .

Заради заштита на тајноста на податоците или информациите од обласа на заштитата и спасување, установата превзема посебни мерки за нивна заштита .

## 7. ПРОФЕСИОНАЛНА И СЛУЖБЕНА ТАЈНА

Член 37

За службена тајна се сметаат оние исправи и документи кои настануваат во вршење на дејноста на установата, а чие изнесување во јавност или соопштување на

неовластени лица заради нивната природа или значење би можеле да предизвикаат штета на установата или на корисниците на услугите, или на трети лица .

Во вршење на дејноста на установата секој вработен има обврска да ја чува професионалната и службената тајна под услови утврдени со закон .

Член 38

Покрај податоците кои врз основа на Закон претставуваат службена тајна, за службена тајна се смета постапката во остварување право од социјална заштита, семејно-правната заштита и надлежноста утврдена со кривично-правните прописи, како и фактите утврдени во овие постапки кои можат да им наштетат на угледот, достоинството и интересите на граѓанинот и неговото семејство .

## 8.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 39

Измените и дополнувањата на Статутот се вршат на ист начин како и неговото донесување .

Член 40

Општите акти на установата ќе се усогласат со овој Статут во рок од 4 месеци од денот на влегувањето во сила на Статутот .

До донесување на општите акти, во случај кога одредбите на постојните општи акти се спротивни на Законот, непосредно ќе се применуваат позитивните прописи .

Член 41

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот на јавната установа центар за социјална работа – Виница, број 0101-311/1 од 11.08 2010 година .

Член 42

Овој Статут влегува во сила следниот ден од денот на добивање на согласност од министерот за труд и социјална политика, а ќе се објави на огласна табла во установата.

број 01-363/4

од 30.06 2015 година

Претседател на Управен одбор ,
Методија Кирилов